РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно Училиште „ЊЕГОШ"
Јурумлери, Гази Баба, Скопје
Бр. 04-243/2
11. 07 2025 год.

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14,199/14,48/15, 154/15,5/16,142/16 и 11/18, и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19,14/20,215/21,99/22 и 208/24) Директорот на ООУ „ Његош " Јурумлери-Скопје ја донесе следната :

**ОДЛУКА**
**/за избор на кандидат за вработување на административен службеник на неопределено време/**

1. Кандидатот **Кристина Софрониевска Томовска** се избира за работното место **ОБН 01 02 В01 001** Советник за општи и нормативно правни работи-Секретар, Одделение за нормативно правни работи,човечки ресурси и општи работи,Администратитивна служба, во ООУ „ Његош " Јурумлери-Скопје.
2. Со избраниот кандидат ќе се склучи Договор за вработување на неопределено време по конечноста на оваа Одлука.
3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

По добиената Согласност за вработување од МОН бр. 12-1855/5 од 27.02.2025 год. и МФ бр.19-1093/2 од 23.02.2025 год. Агенцијата за администрација на ден 21.05.2025, на својата интернет страница и во дневните весници Вечер, Нова Македонија и Коха објави јавен оглас бр. 303/2025 за вработување на административен службеник во ООУ „ Његош " Јурумлери-Скопје за работно место ОБН 01 02 В01 001 Советник за општи и нормативно правни работи-Секретар, Одделение за нормативно правни работи,човечки ресурси и општи работи/Администратитивна служба.

Во врска со објавениот оглас бр. 303/2025, Директорот на Агенцијата за администрација донесе Решение бр.10-867/5 од 30.05.2025 год. со која беше формирана Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-867/6 од 09.06.2025 година, која спроведе постапка за административна селекција, испит за административен службеник и проверка на веродостојност на докази и интервју.

Откако во целост беше спроведена постапката, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и до училиштето достави Предлог за вработување на кандидат со најмногу освоени бодови.

По разгледување на доставената документација од АА и Предлогот со прворангираниот кандидат, директорот на ООУ„ Његош " Јурумлери-Скопје изврши избор како во диспозитивот на Одлуката.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**ДИРЕКТОР**
**/ Анета Цветкова/**

Општинско Основно Училиште ЊЕГОШ Република Северна Македонија Јурумлери Гази Баба, Скопје